**Универзитет “Св. Кирил и Методиј”- Скопје**

# МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

# Студентски информатор

# 2019/2020

**Издавач:** Медицински факултет, Скопје

**Лектура:** Ленче Даневска мр.сци.

**Дизајн на корица: ВЕСТЕЛ**

**Компјутерска обработка: ВЕСТЕЛ**

**Печати: РСИ-КОПИ**

**Тираж: 1000**

**Скопје, септември 2019**

**ISBN: 978-608-4840-32-9**

**Содржина:**


| | | |
|---|---|---|
| | **Порака од деканот** | **5** |
| **I.** | **Управување и раководење со Медицинскиот факултет** | **7** |
| **II.** | **Основни принципи на студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)** | **8** |
| **III.** | **Општи и практични информации за студентите** | **15** |
| **IV.** | **Студиски програми на Медицински факултет** | **20** |
| **V.** | **Студии по општа медицина** | **22** |
| | **- Курикулум** | **24** |
| | **- Условувачки критериуми** | **27** |
| **VI.** | **Тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар** | **30** |
| | **- Курикулум** | **32** |
| | **- Студиска програма** | **36** |
| **VII.** | **Тригодишни стручни студии за дипломиран радиолошки технолог** | **44** |
| | **- Курикулум** | **46** |
| | **- Студиска програма** | **50** |
| **VIII.** | **Тригодишни стручни студии за дипломиран логопед** | **56** |
| | **- Курикулум** | **58** |
| | **- Студиска програма** | **62** |
| **IX.** | **Тригодишни стручни студии за дипломиран Физиотерапевт** | **68** |
| | **- Курикулум** | **70** |
| | **- Студиска програма** | **74** |
| **X.** | **Преглед на наслови на добиени книги од Проектот на Владата на РМ** | **80** |

# Порака од деканот



*“The good physician treats the disease; the great physician treats the patient who has the disease.”* William Osler

Почитувани студенти,

Веќе седум децении, Медицинскиот факултет, зазема значајно место во образовниот, научниот и здравствениот развој на Република Македонија. Факултет кој во континуитет ја покажува својата висока компетентост, нудејќи го несебично својот интелектуален потенцијал во обласа на медицината.

Во целиот изминат период, Медицинскиот факултет со историја стара колку и Женевската заклетва, како високообразовна институција покажува видливи достигнувања на полето на наставата, науката и здравството. Бројните генерации ја оправдаа довербата влеана од нивните претходници. Сите тие заедно ја испишаа медицинската историја, создавајќи денес поле за развој на сегашните и на многу идни генерации. Привилегија на сегашните генерации студенти на Факултетот е да студираат во престижна институција, градена и развивана во изминатите седум децении.

Ќе започнете со едно возбудливо, ново искуство што никогаш нема да го заборавите. Ќе се придружите на една елитна група на луѓе, големото академско семејство од над 13.000 дипломирани студенти кои своето образование го стекнале на нашиот Факултет. Ќе бидете постојано фасцинирани од медицината, и од денес сè до крајот на работниот век, ниту еден ден нема да помине без предизвик. Ќе ги решавате проблемите за доброто на пациентите.

Без оглед на тоа која студиска програма на нашиот факултет сте ја избрале како ваша животна професионална определба вие мора да бидете во чекор со современите достигнувања во својата струка и постојано да работите и да се едуцирате. Никогаш немојте да мислите дека знаете се, останете скромни, останете отворени за учење и, пред сè, научите да работите во тим и да го споделувате о своето знаење.

Да се биде здравствен работник и лекар е чест, но и огромна одговорност, и таа одговорност треба да се првеземе. И колку и да е тешко, вреди, бидејќи секој ден ќе имате шанса да направите позитивна разлика во животот на пациентите и нивните семејства. Развијте го односот со пациентите, грижете се за нив, сочувствувајте.

Проф. д-р Соња Топузовска, декан

# I.
# Управување и раководење со Медицинскиот факултет

## Декан на Факултетот
Проф. д-р Соња Топузовска

## Продекани на Факултетот
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, продекан за настава
Проф. д-р Игор Кафтанџиев, продекан за здравство
Проф .д-р Розалинда Попова Јовановска, продекан за наука
Проф. д-р Златко Јаќовски, продекан за финансии

## Деканска управа

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 11 члена. Деканатската управа ја сочинуваат:

- деканот;
- продеканите;
- еден раководител на катедрите од хируршките гранки на медицината (хирургија, ОРЛ, офталмологија, ортопедија, анестезиологија и реанимација, гинекологија и акушерство);
- еден раководител на катедрите од интернистичките гранки на медицината (радиологија, интерна медицина, педијатрија, дерматовенерологија, неврологија, инфектологија, онкологија, трансфузиологија, физикална медицина, психијатрија, примарна здравствена заштита);
- еден раководител на катедрите од базичните гранки на медицината кои немаат апликативни дејности и превентивни гранки (анатомија, медицинска етика и медицинска хемија социјална медицина, епидемиологија, хигиена и медицина на трудот);
- двајца раководители на институтите кои вршат здравствена дејност (патологија, микробиологија и паразитологија, судска медицина, патофизиологија, физиологија, фармакологија со токсикологија, имунологија, биохемија, хистологија со ембриологија, нуклеарна медицина);
- претседателот на Студентскиот парламент.

# Секретар на Факултетот
Горан Нелоски, дипломиран правник

# II.
# Основни принципи на студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) на Медицинскиот факултет во Скопје

Медицинскиот факултет во Скопје од учебната 2005/2006 година во својот додипломски наставно-образовен процес започна со примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), како нов систем на академско признавање на студиите, што има за цел да обезбеди создавање на креативно насочен и соодветно мотивиран студент кон студирањето, мобилен на национално и меѓународно ниво што ќе му обезбеди меѓународна конкуретност на европскиот интелектуален простор.

## Што е ЕКТС ?

Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) претставува нов систем на студирање, развиен од Европската комисија базиран врз три основни елементи: комплетни информации за студиската програма и ангажираноста на студентите; спогодба меѓу партнерските институции и студентот; и користење кредити како мерка на студентската ангажираност.

ЕКТС кредити претставуваат нумерички вредности доделени на единици курсеви со цел да се опише студентската ангажираност. Тие го одразуваат квантитетот на работа што го бара секоја курсна единица во однос на вкупниот квантитет на работа што е потребен да се заврши соодветната академска година, а претставен со: предавања, практична работа (вежби), семинари, работилници, сопствено учење и проверка на знаења. ЕКТС кредитите, всушност, претставуваат релативна мерка за ангажираноста на студентите во совладувањето на студиската програма.

## Организација на студиите

Интегрираните студии по општа медицина се организирани во шест години, односно 12 семестри, а тригодишните стручни студии во три години, односно 6 семестри.

Предметите се организирани како: **задолжителни** и **изборни.**

**Задолжителните предмети** студентот ги запишува секој семестар, доколку ги исполнил условувачките критериуми пропишани за секој предмет одделно.

Од понудените **изборни предмети** за семестар, студентот на почетокот на семестарот избира најмногу два којшто ќе ги слуша во тој семестар. Бројот на студенти коишто може да слушаат ист предмет во семестарот е минимум 10, а максимум 25 студенти.

Наставата на Медицинскиот факултет се одвива преку: *предавања, практична настава (вежби, работилници, престој)* и *семинари*.

**Предавањата** се изведуваат од страна на наставници и на нив може да присуствуваат сите студенти. Најчесто се обмислени како интерактивна настава за околу 100 студенти и може да вклучуваат одделни активности од страна на студентот (семинарска работа, презентација на проблем, случај). Тие им обезбедуваат на студентите пресек на централните теми содржани во предметот.

**Практичната** настава (практични курсеви, вежби, работилници) се изведува од страна на наставници и/или помошни наставници (асистенти) и има задача да го примени теоретското познавање и да го оспособи студентот за практикување на теоретски совладаното знаење.

**Семинарите** претставуваат дополнителен облик на настава наменет за одредена група студенти (максимум до 50 студенти) на коишто се дискутираат темите споменати на предавањата или прочитани од стручната литература. На семинарите студентите активно партиципираат, така што имаат можност да ги искажат своите мислења, идеи, да дискутираат, да го презентираат усмено и/или писмено своето новостекнато знаење.

## Правила на студирање

Правилата за студирање на Медицинскиот факултет се во согласност со Законот за Високо образование и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Добивање потпис, стекнување на кредити

Секој предмет од наставната програма е кодиран со код, со кој се дефинираат програмските содржини, методите на учење и начинот на оценување.

**За да добие потпис**, студентот е должен активно да ги следи сите предвидени активности (предавања, вежби, семинари, престој) за коишто добива одреден број бодови и да учествува на колоквиумите.

Студентот кој не стекнал право на потпис по еден предмет, задолжително повторно го запишува и слуша предметот во наредната учебна година, преземајќи ги сите обврски како да го слуша предметот за првпат.

Секој предмет со определен код се изразува со точно определен број на кредити (КР), со кои се искажува целокупната оптовареност на студентот за совладување на предметот.

Кредитот се доделува само на оние студенти кои ќе добијат потпис, ќе ги исполнат условите за полагање на испити и успешно ќе ги положат испитите.

Бројот на кредитите што студентот треба да ги оствари за да се здобие со одредена стручна подготовка се движи, од 30 кредити за еден семестар до 60 кредити за една година.

## Условувачки критериуми

Со студиската програма се пропишани условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити) како услов за запишување на други (наредни) предмети.

Условувачките критериуми имаат за цел да му овозможат на студентот насочување во смисла кои предмети треба прво да ги полага за потоа да запише други предмети во наредните семестри, а со цел полесно и посоодветно да ја совлада предвидената наставна програма.

**Студентот може да запише нови предметни програми од наредниот семестар или од наредната година, но студентот не може да запише наставни предмети за коишто не се исполнети условувачките критериуми за запишување, дадени за секој предмет одделно.** Притоа, неговите вкупни студиски обврски во еден семестар неможе да надминуваат 35 ЕКТС-кредити.

## Оценување

**Во текот на студирањето потребниот број кредити за соодветната предметна програма, студентот ги остварува преку <u>континуирано и завршно оценување</u>.**

Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови за секоја активност пропишана со соодветната програма.

Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде: посета на предавања; извршени консултации; успешно реализирани вежби; успешно реализирана практична работа; изработка на семинарска работа; теренска работа; самостојно учење /домашна работа; менторство на други студенти; изработка или реализирани проекти; освоени награди/пофалници и други студентски активности.

Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки којашто ја пропишува секоја наставна програма различно, **а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки на знаењето (колоквиуми) и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит**.

Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Критериумите за формирање на завршната оценка се следниве:

| Бодови | Оценка |
|---|---|
| до 59 | 5 (F) |
| 60-68 | 6 (E) |
| 69-76 | 7 (D) |
| 77-84 | 8 (C) |
| 85-92 | 9 ( B) |
| 93-100 | 10 (A) |

Оценка се добива при полагање на задолжителните и изборните предмети.

## Континуирани проверки (колоквиуми)

**Студентот задолжително учествува во континуираните проверки на знаењето – колоквиуми.**

Колоковиумите се полагаат во термините определени за нив-колоквиумски недели или по исклучок на последниот час од предвидената наставна програма за оние предмети коишто се одвиваат според принципот на блокови и за коишто во семестарот не е определена колоквиумска недела.

Во еден семестар, по еден наставен предмет, може да постои еден или најмногу три колковиуми.

Континуираните проверки на знаењето (колоквиумите) се вршат писмено, по пат на тестови или усмено-практично, во зависност од карактерот на предметната програма.

Писмениот начин на проверка на знаењето (тест) се спроведува по пат на тестови од типот на повеќекратен избор (најмалку 4 понудени одговори од кои само еден е точен) или од комбинација на дел составен на принципот на повеќекратен избор и дел којшто се состои од прашања за дополнување или друг отворен тип прашања (совпаѓање, конструкција), но овој дел не треба да биде застапен повеќе од една третина од вкупниот број прашања на тестот.

Бројот на прашањата опфатени со писмените континуирани проверки (тест) се во складот со потребите и особеностите на предметот.

Прашањата што се даваат на колкоквиумите мора да бидат опфатени со понудената програма и/или листа на прашања, односно компјутерска база на прашања, а одговорите на прашањата задолжително се опфатени со достапните, основни учебни помагала претходно одобрени заедно со наставните програми од страна на Наставно-научниот совет на факултетот и објавени на јавно место (огласна табла), дадени во информативниот пакет и/или интернет страницата на факултетот на почетокот на учебната година.

Се смета дека колоквиумот е положен ако студентот освои минимум бодови изразени како 60% од максималниот број бодови.

Студентот има право на увид во резултатите од колоквиумот во текот на 24-48 часа од објавувањето на резултатите.

Положените колоквиуми како услов за полагање на завршниот испит важат три (три) последователни сесии (без оглед дали студентот се јавил на испит), по што студентот го преслушува предметот.

## Завршен и комплетен завршен испит

Предметната програма може да пропише полагање на завршен и/или комплетен завршен испит.

Завршен и/или комплетен завршен испит се полага во определените испитни сесии по завршување на наставата во зимскиот, односно летниот семестар.

Студентот може да полага **завршен испит** од определен предмет само откако ќе ги положи сите предвидени колоквиуми со минимален број бодови (60%).

Доколку студентот не ги положи сите предвидени колоквиуми, нема право да се јави на завршен испит.

**За наставните предмети на тригодишните стручни студии за коишто завршен испит не е предвиден, со положување на сите колоквиуми студентот стекнува право на оформување на завршна оценка.**

Завршниот испит за соодветната програма е писмен, устен и/или практичен, односно може да претставува нивна комбинација.

Ако завршениот испит се состои од писмен и устен/практичен дел, бодовите се доделуваат *збирно* врз основа на бодовите постигнати на писмениот, устниот и/или практичниот дел на испитот.

На тригодишните студии ако завршниот испит се состои од писмен и практичен дел, положувањето на теоретскиот дел на завршниот испит вообичаено е услов за пристапување на практичниот дел на испитот.

**Комплетен завршен испит** претставува комбинација од колоквиумот (колоквиумите) што не се положени и завршниот испит.

При полагање на комплетен завршен испит, студентот ги полага и неположениот колоквиум (колоквиуми) и завршниот испит, но мора да освои минимум бодови (60%) од неположениот колоквиум (колоквиуми), во спротивно не може да се формира оценка за целокупниот испит. Ако при полагање на комплетен завршен испит студентот го положил неположениот колоквиум (колоквиуми), а не освои минимум бодови од завршниот испит, во следната сесија може да го полга само завршниот испит.

**Студентот кој не стекнал право да се јави на завршен и/или комплетен завршен испит е должен во следната учебна година да ги полага колоквиумите во за нив определени колоквиумски недели за да стекне право да се јави на завршен или комплетно завршен испит во испитните сесии. Ако предметот е условувачки за следната академска година, студентот треба да го презапише предметот.**

Прашањата на писмениот и устниот испит мора да бидат опфатени со понудената програма и/или листа на прашања, односно компјутерска база на прашања, а одговорите на прашањата задолжително се опфатени во достапните, основни учебни помагала претходно одобрени заедно со наставните програми од страна на Наставно-научниот совет на факултетот и објавени на јавно место (огласна табла), дадени во информативниот пакет и/или интернет страницата на факултетот на почетокот на учебната година.

## Испитни рокови

На Медицинскиот факултет се определуваат термините за континуирано и завршно оценување.

Континуирната проверка на знаењата, односно полагањето на колоквиумите се врши во три колоквиумски недели: октомври, ноември и декември, односно март, април и мај, а завршниот или комплетен завршен испит се изведуваат по завршувањето на семестрите, и тоа во месеците: јануари, мај/јуни и август/септември.

Термините за одржување на континуираните проверки (колоквиуми) и испитите во секоја сесија се закажуваат на почетокот на семестарот и се огласуваат на огласна табла и/или на Интернет страницата на Факултетот.

Ако во испитниот рок се понудени два испитни термини за одреден предмет, студентот има право да избира еден од двата понудени термини за испит.

Студент кој во предвидените термини за испит нема да постигне позитивен резултат по предметите за коишто постојат условувачки критериуми, повторно ја запишува предметната програма (предметот), така што наредната учебна година ги полага неположените колоквиуми или се јавува во која било испитна сесија на завршен и/или комплетен завршен испит.

Условите за полагање се идентични, без оглед за која испитна сесија се работи.

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати, од кои третиот пат, по барање на студентот, испитот може да се изведува пред комисија составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Комисијата ја формира деканот. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

Студент којшто и по трет пат не успеал да го положи испитот е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

Студент кој испитот не го полагал и студент кој испитот не го положил, е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

Со планот на студиите може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

Студентот може да се откаже од испитот најдоцна до започнување на испитот. Испитот се смета за започнат со поставување на прашањата од страна на предметниот наставник. Се смета дека испитот не е положен ако студентот се откаже од испитот откако е поставено прашањето, а на писмените испити откако е соопштено прашањето или откако е даден тестот.

Нејавувањето на испит во закажаното време се смета како испитот да не е положен.

## Учебна година, семестрална настава

Учебната година започнува на 01 октомври, а завршува на 30 септември следната година.

## Евалуација

По завршување на наставната програма по еден предмет се спроведува анонимна евалуација на web страната на Медицинскиот факултет. Студентите се должни да ја направат евалуацијата за да го заверат семестарот.

# III.
# Општи и практични информации за студентите

## Локација, простор и опрема на Медицинскиот факултет во Скопје

Медицинскиот факултет се состои од повеќе објекти, сместени во комплексот на Клиничкиот центар.

Адреса: **Ул. "50 Дивизија" 6**
Телефони: **+ 389 2 31 03 700**
Факс: **+ 389 2 32 20 935**
е-пошта: **medf@medf.ukim.edu.mk**
Интернет адреса: **http://www.medf.ukim.edu.mk**

Наставно-образовниот процес се изведува во просториите на институтските згради, клиниките и наставните бази.

Медицинскиот факултет располага со 10 амфитеатри и со 6 предавални со вкупен капацитет од околу 1200 седишта. Амфитеатрите се опремени со аудио-визуелна опрема што овозможува современ пристап кон наставно-образовниот процес.

Практичниот дел од наставата се одвива во повеќе лаборатории со користење на нагледни средства, во болничките соби и операционите сали на клиниките.

## Студентска служба

Запишувањето на семестрите и добивањето на информации поврзани со студирањето се одвива на шалтерите на Студентската служба сместени во зградата на Деканатот на факултетот, секој ден од 08-16 часот, односно електронски преку официјалната интернет страница на Факултетот.

Информациите поврзани со студирањето се огласуваат на огласната табла во аулата на Деканатот и/или на официјалната интернет страница на Факултетот.

## Библиотека

Библиотеката на Медицинскиот факултет е сместена во приземјето на институтската зграда, а располага со депо на постар книжен фонд сместен во подрумските простории во зградата на Деканатот. Библиотеката е делумно компјутеризирана при што овозможува пребарување на сопствениот фонд и пристап на исклучително голем број меѓународни списанија со можност за добивање целосни текстови. Читалната на Библиотеката привремено е сместена во монтажен објект во рамките на Студентскиот дом-Медицинар.

Сите информации во врска со библиотечниот фонд и принципите на работењето на Библиотеката може да се добијат на интернет адресата: www.cmb.edu.mk

Раководител на Библиотеката е г-ѓа м-р Ленче Даневска, дипломиран филолог.

Студентите на Медицинскиот факултет може да ги користат услугите и на Националната Универзитетската библиотека “Св. Климент Охридски” во Скопје.

## Студентска организација

Студентите на Медицинскиот факултет во Скопје се организирани во Факултетско Студентско Собрание кое претставува организација што има за цел да ги претставува интересите на студентите по медицина во рамките на Факултетот, како и да организира активности за промоција на јавното здравје, остварување на студентските права и востановување интернационална комуникација со студентите и студентските организации надвор од нашата земја.

Студентското собрание го раководи претседател, кој се менува секоја година и тоа преку избори на коишто имаат право да избираат и да бидат избрани сите запишани студенти на Факултетот.

Студентите учествуваат во управувањето со Факултетот преку претставници кои се избираат во:

- Факултетското Студентско Собрание
- Во органите на Факултетот (Деканатска управа и Наставно-научен совет),

кои им овозможуваат на студентите остварување на заеднички интереси како партнери во процесот на високото образование.

Просториите на Студентското Собрание се наоѓаат во кругот на Клиничкиот центар во Скопје.

## Студентско сместување

Студентите на Медицинскиот факултет можат да се сместуваат во Студентскиот центар “Скопје” кој располага со неколку студентски домови.

Потребните документи, роковите и местата за поднесување на документите се објавуваат по пат на конкурс, а начинот и постапката за прием на студентите во студентските домови се одвива врз основа на Правилник.

Резултатите од конкурсот се објавуваат на огласни табли на студентските домови.

# Права и обврски на студентите

## 1. Статус на студент

Статус на студент, кој истовремено овозможува стекнување членство во академската заедница, се стекнува со запишување на додипломски студии на Факултетот, а се докажува со индекс и со студентска легитимација.

## 2. Права и обврски на студентот

Студентот има право на:

- квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми.
- слободно искажување мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа.
- право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците.
- редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент
- редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот.
- запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, со Статутот и Правилникот на УКИМ и со студиската програма.
- учество во управувањето на Факултетот, во согласност со законот и со Правилникот на високообразовната институција.
- заштита на своите права и должности пред органите на Факултетот.
- заштита на личноста од злоупотреба на неговото достоинство.
- да избира и да биде избран, како претставник на студентите во органите на Факултетот.
- да преминува од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии, под услови утврдени со студиската програма, односно Статутот и Правилникот на УКИМ.
- да ги продолжи студиите што ги прекинал.
- да се организира во граѓански здруженија и други форми на лична иницијатива.
- да остварува соработка со студентите во земјата и во странство.
- да ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебни помагала), софтверот и другата научна и стручна инфраструктура на Факултетот.
- да учествува во научно-истражувачката и стручната дејност, при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди.
- да ги користи универзитетските објекти за спортска и културна дејност.
- да користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз, според условите утврдени со закон и од вршителите на соодветните дејности.

- да добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за време на школувањето.

## 3. Приговор на добиената оценка од проверка на знаењата

Студент, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од завршното оценување, може да поднесе приговор до деканот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на Универзитетот и на единицата.

Ако деканот односно директорот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, наставникот во рок од 24 часа ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита или потврди оценката што ја утврдил во предвидениот рок, студентот испитот го полага пред трочлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Комисијата ја формира деканот.

Испитот пред комисија се спроведува во наредните 24 часа, наредниот работен ден, сметано од денот на добивање на известувањето за преиспитувањето на оценката.

Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

По барање на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу четири месеца од полагањето. Оценката добиена на повтореното завршно оценување е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

## 4. Испишување на студентот

Секој студент може да се испише од Факултетот, при што му се издава посебен документ-исписница, во којашто се внесуваат запишаните години и семестри и положените испити. Испишувањето се евидентира во индексот на студентот и во книгата на испишаните студенти.

## 5. Дисциплински мерки

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските за студентот може да се покрене дисциплинска постапка пред Дисциплинскта комисија на Факултетот, согласно Статутот на УКИМ. На студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки: опомена, јавна опомена, забрана за полагање на испит од една до три сесии, повторно запишување на предметот или исклучување од Факултетот.

Повреда на должностите и неисполнување на обврските претставува секоја повреда на Законот, Статутот на УКИМ и другите акти на високообразовната установа со кои се регулираат правата и обврските на студентите.

Дисциплинската мерка-исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

## 6. Прекин на статусот студент

На студентот му престанува статусот студент ако:

- дипломира;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и Статутот на УКИМ;
- не запише навреме семестар, а не побарал мирување, како и по истекот на периодот на мирување доколку не запише семестар, освен во случаите на прекин на студиите согласно со Статутот на УКИМ;
- се испише од Факултетот;
- е исклучен од Факултетот;
- во други случаи утврдени со закон, овој Статут, студиската програма и правилата.

Статусот на студент може да биде обновен на барање на студентот, а според постапката утврдена со Статутот на УКИМ, освен ако не престанал со трајно исклучување.

На студентот на кој што му е обновен статусот ги продолжува студиите со поднесување на трошоците за студирање (кофинансирање).

# IV.
# Студиски програми на Медицинскиот факултет

На Медицинскиот факултет според ЕКТС принципите на студирање се имплементирани следниве студиски програми:

1. **Студии по општа медицина:**
   - Систем: **6+3**
   - Додипломски студии- интегрирани 6-годишни студии со **5876 часови** (360 кредити)
   - Докторски студии- 3 години (180 кредити)
   - Специјалистички (минимум 4 години-максимум 7 години) и суспецијалистички студии (2 години).

2. **Тригодишни стручни студии за дипломирани медицински сестри и медицински техничари:**
   - Систем: **3**
   - Додипломски студии – 3 години со **4180 часови** (180 кредити)

3. **Тригодишни стручни студии за дипломирани радиолошки технолози**
   - Систем: **3**
   - Додипломски студии – 3 години со **2905 часови** (180 кредити)

4. **Тригодишни стручни студии за дипломирани логопеди**
   - Систем: **3+1**
   - Додипломски студии – 3 години со **3420 часови** (180 кредити)

5. **Тригодишни стручни студии за дипломирани физиотерапевти**
   - Систем: **3+1**
   - Додипломски студии – 3 години со **3140 часови** (180 кредити)

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ –СКОПЈЕ**

# V

# СТУДИИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА

## КУРИКУЛУМ ЗА СТУДИИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА

### I ГОДИНА

| I семестар | | | II семестар | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Часови** | **Кредити** | **Предмети** | **Часови** | **Кредити** |
| Биофизика | 30 | 2 | Медицинска хемија | 90 | 7 |
| Морфологија и физиологија на клетка | 60 | 5 | Анатомија 2 | 90 | 7 |
| Анатомија 1 | 90 | 9 | Хистологија и ембриологија 2 | 75 | 6 |
| Вовед во медицина | 30 | 2 | Промоција на здравје | 15 | 1 |
| Медицинска психологија и социологија | 75 | 5 | Медицинска етика | 30 | 2 |
| Хистологија и ембриологија 1 | 60 | 5 | Вовед во хумана генетика | 60 | 5 |
| Англиски јазик | 30 | 2 | Прва медицинска помош | 15 | 1 |
| Спорт и здравје | 30 | | Изборен предмет | 15 | 1 |
| | **405** | **30** | | **390** | **30** |

*Услов за запишување во втора година е добиен потпис од предметот Спорт и здравје

## II ГОДИНА

| **III семестар** | | | **IV семестар** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Часови** | **Кредити** | **Предмет** | **Часови** | **Кредити** |
| Биохемија 1 | 105 | 7 | Физиологија 2 | 90 | 6 |
| Физиологија 1 | 150 | 11 | Биохемија 2 | 75 | 5,5 |
| Вовед во имунологија | 45 | 3 | Микробиологија со паразитологија 1 | 60 | 4 |
| Медицинска статистика и информатика | 45 | 3 | Патолошка физиологија 1 | 105 | 7 |
| Анатомија 3 | 90 | 6 | Хигиена | 75 | 5 |
| | | | Основи на научна работа | 30 | 1,5 |
| | | | Изборен предмет | 15 | 1 |
| | **435** | **30** | | **450** | **30** |

## III ГОДИНА

| V семестар | | | VI семестар | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Часови** | **Кредити** | **Предмети** | **Часови** | **Кредити** |
| Микробиологија со паразитологија 2 | 75 | 6 | Патологија 2 | 120 | 8 |
| Патолошка физиологија 2 | 60 | 4,5 | Клиничко испитување | 92 | 7 |
| Патологија 1 | 135 | 9 | Фармакологија | 105 | 7 |
| Клиничко испитување | 93 | 6 | Епидемиологија | 75 | 5 |
| Радиологија | 60 | 3 | Трансфузиологија | 30 | 2 |
| Нуклеарна медицина | 30 | 1,5 | Изборен предмет | 15 | 1 |
| | **453** | **30** | | **437** | **30** |

## IV ГОДИНА

| VII семестар | | | VIII семестар | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Часови** | **Кредити** | **Предмети** | **Часови** | **Кредити** |
| Интерна медицина | 205 | 11 | Интерна медицина | 150 | 9,5 |
| Инфектологија | 105 | 7 | Хирургија | 160 | 9,5 |
| Дерматовенерологија | 80 | 5 | Гинекологија | 100 | 6 |
| Неврологија | 97 | 6 | Клиничка фармакологија | 30 | 1,5 |
| Изборен предмет | 15 | 1 | Клиничка биохемија | 30 | 1,5 |
| | | | Онкологија | 45 | 2 |
| | | | | | |
| | **502** | **30** | | **515** | **30** |

## V ГОДИНА

| IX семестар | | | X семестар | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Часови** | **Кредити** | **Предмети** | **Часови** | **Кредити** |
| Хирургија | 175 | 10.5 | Педијатрија | 90 | 5 |
| Гинекологија и акушерство | 105 | 6 | Психијатрија | 95 | 5.5 |
| Педијатрија | 90 | 6 | Оториноларинго логија | 97 | 6 |
| Ортопедија | 55 | 3 | Офталмологија | 67 | 4 |
| Анестезиологија со реаниматологија и терапија на болка | 40 | 2 | Семејна медицина | 30 | 1.5 |
| Ургентна медицина | 30 | 1.5 | Судска медицина | 75 | 4 |
| Физикална медицина и рехабилитација | 15 | 1 | Медицина на труд | 45 | 2 |
| | | | Социјална медицина и здравствена економија | 30 | 2 |
| | **510** | **30** | | **529** | **30** |

## VI ГОДИНА

| **XI семестар** | | **XII семестар** | |
|---|---|---|---|
| **Предмети** | **Траење/организација** | **Часови** | **Кредити** |
| Клиничка пракса по Интерна медицина | 8 недели | 320 | 15 |
| Клиничка пракса по Хирургија | 8 недели | 320 | 15 |
| Клиничка пракса по Гинекологија и акушерство | 4 недели | 160 | 7 |
| Клиничка пракса по Педијатрија | 3 недели | 120 | 6 |
| Клиничка пракса по Јавно здравство | 2 недели | 80 | 4 |
| Клиничка пракса по Семејна медицина | 1 недела | 40 | 2 |
| Геријатриска медицина | 1 недела | 40 | 2 |
| Палијативна медицина | 1 недела | 40 | 2 |
| Семинари* (3 предмети) | 1 недела Диференцијална дијагноза (решавање на случаи интерна+хирургија+педијатрија) | 60 | 3 |
| Клиничка микробиологија | 2 дена | 15 | 1 |
| Рационално препишување на медикаменти и природни начини на лекување | 1 недела | 40 | 2 |
| Изборен предмет | | 15 | 1 |
| | | **1250** | **60** |

*Семинарите се одвиваат на менторски принцип со професори и асистенти. Организирани се како активно учество во работен процес, учество во семинари и/или работилници, јавни презентации на изработени клинички случаи.

# УСЛОВИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ

| **I во II семестар:** | | |
|---|---|---|
| **Потпис**:<br>Анатомија 1 | → | Анатомија 2 |
| **Потпис**:<br>Хистологија со ембриологија 1 | → | Хистологија со ембриологија 2 |
| **Потпис:**<br>Морфологија и физологија на клетка | → | Вовед во хумана генетика |
| **Потпис:**<br>Вовед во медицина | → | Промоција на здравје |

| II во III семестар: | | |
|---|---|---|
| **Положени:**<br>Анатомија 1<br>Анатомија 2<br>Хистологија со ембриологија1 | → | Анатомија 3<br>Физиологија 1 |
| **Положени:**<br>Медицинска хемија | → | Биохемија 1 |
| **Положени:**<br>Морфологија и физиологија на клетка | → | Физиологија 1<br>Вовед во имунологија |
| **Потпис:**<br>Вовед во хумана генетика | → | Вовед во имунологија |

| III во IV семестар: | | |
|---|---|---|
| **Потпис**:<br>Биохемија 1 | → | Биохемија 2 |
| **Потпис**:<br>Физиологија 1 | → | Физиологија 2<br>Патолошка физиологија 1 |
| **Положени:**<br>Морфологија и физиологија на клетка<br><br>**Потпис:**<br>Вовед во имунологија | → | Миробиологија со паразитологија 1 |

| IV во V семестар: | | |
|---|---|---|
| **Положени:**<br>Физиологија 1<br>**Потпис:**<br>*Патолошка физиологија 1 | → | Патолошка физиологија 2 |
| **Положени:**<br>Физиологија 1<br>**Потпис:**<br>Физиологија 2<br>Патолошка физиологија 1<br>**Миробиологија со паразитологија 1 | → | Микробиологија со паразитологија 2 |
| **Положени:**<br>Физиологија 1<br>Анатомија 3<br>Хистологија и ембриологија 2<br><br>**Потпис:**<br>Физиологија 2<br>*Патолошка физиологија 1 | → | Патологија 1 |
| **Положени:**<br>Физиологија 1 и Анатомија 3<br>**Потпис:**<br>Микробиологија со паразитологија 1<br>*Патолошка физиологија 1 | → | Клиничко испитување 1 |
| Положени:<br>Биофизика | → | Радиологија<br>Нуклеарна медицина |

* Студентот нема право да полага Патолошка физиологија 2, Патологија 1 и Клиничко испитување пред да положи Патолошка физиологија 1.

| V во VI семестар: | | |
|---|---|---|
| **Положени:**<br>Биохемија 1<br>Физиологија 2<br>**Потпис:**<br>Патологија 1<br>Патолошка физиологија 2<br>Клиничко испитување 1 | → | Клиничко испитување 2 |
| **Положени:**<br>Биохемија 1<br>Физиологија 2<br>**Потпис:**<br>Патологија 1<br>Патолошка физиологија 2 | → | Патологија 2<br>Фармакологија<br>Трансфузиологија |
| **Положени:**<br>Медицинска статистика и информатика | → | Епидемиологија |

** Студентот нема право да полага Микробилогија со паразитологија 2 пред да положи Микробилогија со паразитологија 1.

| VI во VII семестар: | | |
|---|---|---|
| **Положени:**<br>Вовед во медицина<br>Медицинска психологија и социологија<br>Промоција на здравје<br>Медицинска етика<br>Прва помош<br>Основи на научна работа<br>Вовед во хумана генетика<br>Биохемија 2<br>Микробиологија со паразитологија 2<br>Патофизиологија 2<br>Патологија 1<br>Патологија 2<br>Клиничко испитување<br>Вовед во имунологија<br>Хигиена<br>Радиологија<br>Нуклеарна медицина<br>**Потпис:**<br>*Фармакологија<br>Епидемиологија<br>Трансфузиологија | → | ЗА БИЛО КОЈ ПРЕДМЕТ |

*** Студентот нема право да полага Клиничка фармакологија пред да положи Фармакологија**

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ –СКОПЈЕ**

# VI

# ТРИГОДИШНИ СТРУЧНИ СТУДИИ ЗА ДИПЛОМИРАНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА/ МЕДИЦИНСКИ ТЕХНИЧАР

## КУРИКУЛУМ НА ТРИГОДИШНИ СТРУЧНИ СТУДИИ ЗА ДИПЛОМ. МЕДИЦИНСКА СЕСТРА/МЕДИЦИНСКИ ТЕХНИЧАР

### I ГОДИНА

| ПРЕДМЕТ | Семестри | | | | | | | | Час | ЕКТС | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зимски | | | | Летен | | | | | Зимски | Летен |
| | П | В | С | Пр | П | В | С | Пр | | | |
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 1.Здравствена нега | **55** | **60** | **15** | | **20** | **50** | **10** | **560** | **770** | **9.5** | **19** |
| 2. Медицинска етика | **15** | | **15** | | | | | | **30** | **1.5** | |
| 3. Промоција на здравје и здравственото воспит. | **30** | | **40** | | | | | | **70** | **3** | |
| 4. Информатика | | | | | | **40** | | | **40** | | **2.5** |
| **БАЗИЧНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 5. Анатомија со хистол. | **50** | **15** | | | | | | | **65** | **5** | |
| 6. Физиологија | **30** | **15** | **10** | | | | | | **55** | **4** | |
| 7. Патологија | **20** | **20** | **10** | | | | | | **50** | **3** | |
| 8. Биохемија и биофизика | | | | | **55** | | **10** | | **65** | | **3.5** |
| **ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 9. Медицинска психолог. | | | | | **20** | | **30** | | **50** | | **2** |
| 10. Странски јазик | | | **45** | | | | **45** | | **90** | **3** | **3** |
| 11.Спорт и здравје | | | | | | **30** | | | **30** | | |
| **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** [1] | | | | | | | | | | | |
| | **15** | | | | | | | | **15** | **1** | |
| **ВКУПНО ЧАСОВИ:** | **200** | **110** | **135** | | **95** | **120** | **95** | **560** | | | |
| | **445+15=460** | | | | **870** | | | | **1330** | **ВКУПНО КРЕДИТИ:** | |
| **П=предавања; В=вежби; С=семинари; Пр=пракса** | | | | | | | | | | **30** | **30** |
| | | | | | | | | | | **60** | |

[1] Студентот е должен до завршувањето на студиите, по слободен избор да избере и ислуша 3 изборни предмети од понудената листа на предмети (листата се обновува секоја учебна година, а се објавува на огласна табла и на интернет страницата на факултетот). Вкупно од изборните предмети ќе се добијат 3 кредити.

# II ГОДИНА

| ПРЕДМЕТ | Семестри | | | | | | | | Час | ЕКТС | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зимски | | | | Летен | | | | | Зимски | Летен |
| | П | В | С | Пр | П | В | С | Пр | | | |
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 1.Здравствена нега на интернистички болни со интерна мед., дерматовен. и инфективни болести | **160** | | | **225** | | | | | **385** | **17** | |
| 2.Здравств. нега на децата и младината со педијатрија | | | | | **80** | | **80** | **200** | **360** | | **14** |
| 3. Здравствена нега на возрасни со геронтологија | | | | | **30** | | | **180** | **210** | | **7** |
| 4. Супервизија | **5** | | **15** | | | | | | **20** | **1** | |
| **БАЗИЧНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 5. Микробиологија со параз. | **25** | **5** | **5** | | | | | | **35** | **2** | |
| 6. Вовед во хумана генетика | **10** | **15** | | | | | | | **25** | **1.5** | |
| 7. Јавно здравство со епидемиологија и статистика | | | | | **30** | | **80** | | **110** | | **4** |
| 8. Хигиена со екологија | **30** | **25** | | | | | | | **55** | **2** | |
| 9. Дијагностички методи | **35** | **35** | | | | | | | **70** | **4** | |
| 10. Нуклеарна медицина со радиологија | | | | | **20** | **30** | | | **50** | | **4** |
| 11. Фармакологија | **10** | | **20** | | | | | | **30** | **1.5** | |
| **ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 11. Здравствено-социјално законодавство | | | | | **20** | | | | **20** | | **1** |
| **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| | **15** | | | | | | | | **15** | **1** | |
| **ВКУПНО ЧАСОВИ:** | **275** | **80** | **40** | **225** | **180** | **30** | **160** | **380** | | | |
| | **620+15=635** | | | | **750** | | | | **1385** | **ВКУПНО КРЕДИТИ:** | |
| **П=предавања; В=вежби; С=семинари; Пр=пракса** | | | | | | | | | | **30** | **30** |
| | | | | | | | | | | **60** | |

# III ГОДИНА

| **ПРЕДМЕТ** | **Семестри** | | | | | | | | **Час** | **ЕКТС** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Зимски** | | | | **Летен** | | | | | **Зимски** | **Летен** |
| | **П** | **В** | **С** | **Пр** | **П** | **В** | **С** | **Пр** | | | |
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 1. Здравствена нега на жената со гинекологија и породилство | **80** | | | **200** | | | | | **280** | **11** | |
| 2. Здравствена нега на хируршки болни и болни од сродните области | **170** | | | **225** | | | | | **395** | **15** | |
| 3. Здравствена нега во диспанзерски (амбулантни) и патронажни услови | | | | | **25** | | | **95** | **120** | | **5** |
| 4.Здравствена нега на онколошки болни со онколог | | | | | **30** | | | **100** | **130** | | **5** |
| 5. Здравствена нега во неврологија | | | | | **30** | | | **55** | **85** | | **4** |
| 6. Здравствена нега во психијатрија | | | | | **30** | | | **80** | **110** | | **4** |
| 7. Медицинска диететика | | | | | **30** | | **20** | | **50** | | **2** |
| 8. Здравствен менаџмент | | | | | **30** | | **15** | | **45** | | **2** |
| **БАЗИЧНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 9. Ургента медицина со анестезиологија и реанимац. | **35** | | | **30** | | | | | **65** | **3** | |
| 10. Физикална медицина и рехабилитација | | | | | **10** | | | **40** | **50** | | **2** |
| **ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | |
| 11. Социологија на здравство и здравств. нега | | | | | **10** | | **10** | | **20** | | **1** |
| 12. Основи на научна работа и подготовка на дипломска раб. | | | | | **10** | | **30** | **60** | **100** | | **5** |
| **ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ** | | | | | **15** | | | | **15** | **1** | |
| **ВКУПНО ЧАСОВИ:** | **285** | | | **455** | **205** | | **75** | **430** | | | |
| | **740+15=755** | | | | **710** | | | | **1465** | | |
| | | | | | | | | | | **ВКУПНО КРЕДИТИ:** | |
| **П=предавања; В=вежби; С=семинари; Пр=пракса** | | | | | | | | | | **30** | **30** |
| | | | | | | | | | | **60** | |

# МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДИПЛОМИРАНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА/ МЕДИЦИНСКИ ТЕХНИЧАР

**Адреса на Медицински факултет**
Ул. “50 Дивизија” 6
Тел:   + 389 2 31 03 700
Факс: + 389 2 32 20 935
www: medf@medf.ukim.edu.mk

# Основни податоци за студиската програма

Студиската програма за додипломски тригодишни стручни студии за дипломирана медицинска сестра и медицински техничар е составена според Директивата на ЕУ од 2005/2006 година (**Directive 2005/36/EC** од 07.09.2005) за автоматско признавање на дипломата, што значи дека треба да се состои од најмалку 3 години студии или од 4600 часови теоретска настава и пракса, при што треба да ја вклучува наставната програма опишана во Анекс V, точка 5.2.2. на оваа Директива.

Во согласност со препораките, студиската додипломска програма за дипломирана медицинска сестра/техничар во Скопје се состои од **3 години** студии (6 семестри) со **4180 часови** теоретска настава и пракса, за што студентот остварува 180 кредити (1 кредит= 30 часа контактна настава + самостојно учење).

Според препораките на ЕУ, студиската програма е конципирана во два дела:

1. **Теоретски:**
    - **Здравствена нега**
    - **Базични науки (базични предмети)**
    - **Социолошки науки (општествени предмети)**
    - **Изборни предмети**

2. **Клинички инструкции-пракса**

Во теоретскиот дел, модулот здравствена нега се состои од 16 предмети, модулот на базичните науки од 13 предмети, општествените науки од 6 предмети и 3 изборни предмети со вкупен број часови од:

- **Здравствена нега: 3100 часови, 122.5 кредити**
- **Базични науки: 725 часови, 39.5 кредити**
- **Општествени и изборни предмети: 355 часови, 18 кредити**

Курикулумот има вкупно **4180 часови и 180 кредити** (види Табела)**.**

| Година | Часови-зимски семестар | Часови-летен семестар | Часови-вкупно | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 460 | 870 | 1330 | 60 |
| 2 | 635 | 750 | 1385 | 60 |
| 3 | 755 | 710 | 1465 | 60 |
| **ВКУПНО:** | **1850** | **2330** | **4180** | **180** |

# Организација на студиската програма

Начинот на изведување на наставата е на принцип на: предавања, вежби, семинари и задолжителна клиничка пракса. Нивниот сооднос е таков што овозможува остварување на знаења и совладување на вештини во согласност со поставените цели.

